Врз основа на член 56 став 1 точка 14 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013 и 187/2013), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 21 јануари 2014 година донесе

**ОДЛУКА**

за одложување на роковите за доставување на електронска фактура за извршени здравствени услуги од здравствени установи кои имаат склучено договор со Фондот за здравствено осигурување на Македонија од 2014 година

**Член 1**

Се одобрува одложување на роковите за доставување на електронска фактура за извршени здравствени услуги за сите здравствени установи кои имаат склучено договор со Фондот, поради потребата од прилагодување со новиот систем на електронскиот начин на доставување на фактурите, преку веб порталот на Фондот.

Електронските фактури за извршените здравствени услуги за месеците јануари, февруари и март 2014 година, преку веб порталот на Фондот, здравствените установи ќе можат да ги доставуваат од месец февруари заклучно со 30 мај 2014 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Број: 02 – __________**
__________ **2014 година**
**Скопје**

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Заменик на претседателот,**
**Ангел Митевски**

Изработил: Јасмина Смилевска

Согласен: Бранислава Катушевска
Снежана Ќовкароска – Шилоска
Даниела Јовческа - Ѓуровска

Одобрил, директор: М-р Маја Парнарџиева - Змејкова
Џемали Мехази Xhemali Mehazi

[1] 02-2014/10 [2014]